Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## SAMSUNG D880 DUOS

"Samsung" го објави својот најнов мобилен телефон, моделот - D880 DuoS, кој може да работи на 2 SIM картички истовремено, односно да прима и да остварува повици од два различни броја. Покрај стандардните можности, кои се однесуваат на телефонијата, D880 DuoS автоматски си ги конфигурира сервисите како WAP, MMS, Интернет и слично, за двете картички одделно, без никакви дополнителни акции од корисникот. Благодарение на можноста за вметнување на 2 SIM картички, корисниците на D880 DuoS можат да користат услуги од два различни мобилни оператора. Дополнително, сопствениците на Samsung D880 DuoS можат да си постават посебни ринг тонови за двете SIM картички, односно броеви, така што во секој момент ќе знаат на кој број. Инаку, што се однесува до техничките карактеристики, D880 DuoS може да се пофали со 2,3-инчен QVGA дисплеј, 3 мегапикселна камера со автоматски фокус, FM радио, стерео Bluetooth (A2DP), висококапацитетна батерија од 1.200 mAh, слот за microSD мемориска картичка, мултимедија плеер, како и преинсталиран софтвер за "скенирање" и за автоматско препознавање на визит картички.



## SERENATA F310

Ексклузивниот бренд Bang&Olufsen конечно го објави долгоочекуваниот музички телефон - Serenata F310. Како што можете да забележите од фотографиите, станува збор за навистина необичен телефон, со несекојдневен дизајн. Меѓутоа, тоа што најмногу изненадува е цената, која изнесува дури 1.400 евра. Нормално, за едни 1.400 евра се премногу пари за мобилен телефон, а можеби за други не се, но како и да е, за овие пари, меѓу другото, се добива: вградена поддршка за HSDPA, 4GB внатрешна меморија, 2,4-инчен дисплеј, чувствителен на допир, и ексклузивен држач за на маса.



